МКС
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

## ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### ВИЗИЈА

Штип да биде културен и образовен центар во регионот, со висок квалитет на живот на граѓаните, со развој на стопанството, со обезбедена инфраструктура, со грижа за животната средина и со безбедни граѓани.

### МИСИЈА

Мисија на Општина Штип е да обезбеди одржлив развој користејќи ги расположливите природни ресурси и човечки потенцијали насочени кон создавање просперитетна иднина на целокупното население и заедницата.

**За реализирање на својата основна цел, Општина Штип превенствено се фокусира на задоволството на граѓаните и заштита на животната средина и тоа со почитување на следните принципи:**

- ✓ **Создавање современа и комплетна инфраструктура и ефикасни јавни услуги** за потребите на граѓаните и стопанството;
- ✓ **Создавање поволни услови за одржлив економски развој** и создавање најповолна инвестициска клима;
- ✓ **Законско исполнување** на потребите и очекувањата на нашите граѓани;
- ✓ **Развивање на образовниот процес, културата, здравството, спортот и заштита на животната средина** во насока на подобрување на квалитетот на живеење во општината;
- ✓ **Зајакнување и промовирање** на релациите на партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор;
- ✓ **Тимска работа** заснована на комуникација помеѓу општинските и други јавни служби е основа за нашата компетентност и професионалност;
- ✓ **Создавање поволна клима за исполнување на работните обврски на вработените** преку слободна, непречена и постојана комуникација со градоначалникот;
- ✓ **Спроведување на системот за наградување за најуспешните вработени,** заради поефикасно и поеквалитетно извршување на работните задачи;
- ✓ Постојано **следење и контрола на влијанијата врз животната средина и мониторинг на квалитетот** на нашите услуги и преземање активности за **континуирано подобрување** на ефикасноста на целите и Системот за менаџмент со квалитет и Системот за менаџмент со животна средина;
- ✓ **Спроведување на оваа Политика** и постигнување нова деловна култура и компетентност се поттикнува со програма за оспособување и мотивација на сите вработени и **кревање на свеста на вработените за заштита на животната средина**;
- ✓ **Создавање ефикасна професионална и граѓански ориентирана Општина,** преку воведување, одржување и постојано подобрување на Систем за менаџмент со квалитет и Систем за менаџмент со животна средина, согласно барањата на стандардите (ИСО 9001:2008 и ИСО 14001:2004);

**Политиката за квалитет и животна средина претставува основна цел и се спроведува од сите вработени во Општина Штип.**

**Датум: 26.04.2018 г.**

**Градоначалник на Општина Штип**
**Благој Бочварски**